**ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА

## „СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА“




**Штип, 2016**

**Издавач:**

Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Факултет за туризам и бизнис логистика

**Уредници:**

Проф. д-р Никола В. Димитров

Доц. д-р Дејан Методијески

**Организациски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Доц. д-р Дејан Методијески
Асистент докторанд м-р Душица Санева
Асистент докторанд м-р Оливер Филипоски
Асистент докторанд м-р Кристина Ковачевиќ
Асистент докторанд м-р Наташа Колевска Асистент докторанд м-р Душко Јошески

**Програмски одбор:**

Проф. д-р Никола В. Димитров
Проф. д-р Нако Ташков
Проф. д-р Златко Јаковлев
Проф. д-р Цане Котески
Проф. д-р Мичо Апостолов
Доц. д-р Дејан Методијески
Доц. д-р Марија Магдинчева Шопова Доц. д-р Тања Ангелкова Петкова **Печати:**

Печатница „2ри Август" - Штип

**Тираж:**

100 примероци

**Дизајн на корица:**

Доц. д-р Дејан Методијески
Проф. д-р Никола В. Димитров
**Фотографии за корица:**

М-р Васко Златковски

**Техничко уредување:**

Доц. д-р Дејан Методијески

**Лектор:**

Вангелија Цавкова

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје
616.314-08(075.8)
616.314-74(075.8)
НАУЧНО-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" (2016; Штип)
Зборник на трудови од научно-стручна конференција "Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија", Штип 28.05.2016 [Електронски извор] [уредници Никола Димитров, Дејан Методијевски]. - Текст во PDF формат, содржи 215 стр., илустр.. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев", Факултет за туризам и бизнис логистика, 2016
Начин на пристап (URL): http://js.ugd.edu.mk/. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден
18.07.2016 ISBN 978-608-244-313-3 1. Гл. ств.
насл.
а) Туризам - Економски прилики - Македонија - Собири
COBISS.MK-ID 101453578

## СОДРЖИНА

УЧЕСНИЦИ НА КОНФЕРЕНЦИЈАТА ................................................ 6

ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ .................................................... 15

ЕКОНОМИЈА И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ............................................ 17

СОСТОЈБИ И ПЕРСПЕКТИВИ ВО ТУРИЗМОТ, ЕКОНОМИЈАТА И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров .......................................................... 18**

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ КОНФЕРЕНЦИИ И НИВНИОТ ПРИДОНЕС ВО НАУКАТА

**Дејан Методијески, Душица Санева .................................. 26**

ОСНОВНИ ПОСТАВКИ НА МЕНАЏМЕНТОТ НА СИНЏИР НА СНАБДУВАЊЕ И БИЗНИС ЛОГИСТИКАТА

**Мичо Апостолов, Лилјана Здравковска, Наташа Апостолова....................................................................... 36**

ЛОГИСТИЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИСТИЧКИТЕ ДЕСТИНАЦИИ

**Христина Филипоска, Оливер Филипоски .......................... 48**

ПРИМЕНА НА TQM (TOTAL QUALITY MANAGEMENT) СИСТЕМ ВО КОМПАНИИ

**Александра Ташевска ........................................................ 57**

ТРАНСПОРТНИ СИСТЕМИ

**Моника Станковска ............................................................ 64**

СОСТОЈБИ И МОЖНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА МАЛИОТ БИЗНИС ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова, Магдалена Мицева .............. 74**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА И РАЗВОЈ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ ТУРИЗАМ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА, БОГДАНЦИ И ДОЈРАН

**Марија Магдинчева Шопова,Симона Савиќ,Убавка Вегова..86**

ПРЕТПРИЕМАЧКА ИНИЦИЈАТИВА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА ПОНУДА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**Марија Магдинчева Шопова,Љупка Атанасова,Вера Митровска ........................................................................................ 95**

ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО ...................................................105

УСЛОВИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ГРАДОВИТЕ ШТИП И КОЧАНИ И НИВНАТА ОКОЛИНА

**Златко Јаковлев, Цане Котески, Дарко Шпиртов ........... 106**

МОЖНОСТИ ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКАТА СЕЗОНА

ВО ПООДДЕЛНИ ПЛАНСКИ РЕГИОНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Андреа Златковска, Јулијана Саздова ........................... 112**

ТУРИСТИЧКИ ЗНАМЕНИТОСТИ ВО СЕВЕРОИСТОЧНИОТ РЕГИОН НА МАКЕДОНИЈА

**Цане Котески, Златко Јаковлев, Драгана Солтировска .. 125**

ПРОЦЕСНИ ИНОВАЦИИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО

**Николчо Петров, Тања Ангелкова Петкова ..................... 138**

НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев,Благица Арнаудова,Цане Котески.......144**

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУЖНА ДЕЈНОСТ

**Златко Јаковлев,Цане Котески,Душица Матета Гигова..151**

ПРЕЗЕНТАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ДЕЛ ОД ПУБЛИКУВАНИТЕ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧИ ВО ПЕРИОДОТ 1954–1979 ГОДИНА И

НИВНАТА УЛОГА ВО ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ВО МАКЕДОНИЈА

**Никола В. Димитров, Методи Чилиманов ........................ 160**

КРАТОК ОПИС НА ОСОГОВСКИОТ РЕГИОН

**Нако Ташков, Илија Милосовски .................................... 181**

ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА МАНАСТИРСКИТЕ КОМПЛЕКСИ ВО ПЕЛАГОНИСКИОТ РЕГИОН

**Љупчо Јаневски, Науме Мариноски ................................ 185**

ИСТРАЖУВАЊЕ НА ТУРИСТИЧКИТЕ ПОТЕНЦИЈАЛИ НА ОПШТИНА ЗРНОВЦИ

**Нако Ташков, Ивана Ананијева, Симона Атанасова .......203**

# ПРЕДГОВОР ОД УРЕДНИЦИТЕ

Зборникот „Состојби и перспективи во туризмот, економијата и бизнис логистиката во Република Македонија" содржи трудови кои се презентирани на истоимената научно-стручна конференција, одржана на 28-ми мај 2016 година во Штип, во организација на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Мотивите за одржувањето на конференцијата се повеќе. Конференцијата им даде можност на младите автори и студенти на втор и трет циклус на студии да ги презентираат и доближат до пошироката научна и стручна јавност своите теоретски и практични истражувања од областа на туризмот, економијата и логистиката. Во најголем дел, нивните трудови се изработени под менторство на професорите кои се истакнати научни работници и потврдени практичари. Од друга страна, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, изискува објавување на еден труд кој е резултат на истражувањето што е предмет на магистерскиот труд. Важен мотив за одржувањето на конференцијата е социјалниот дел, во кој учесниците имаа можност да се запознаат, разменат мислења, дискутираат и остварат вмрежување. Преку конференцијата, промовиран е градот Штип како туристичка дестинација, а од друга страна, позитивно влијае на имиџот на Факултетот за туризам и бизнис логистика.

На конференцијата беа покренати бројни прашања, изнесени одделни размислувања и дилеми што со својата актуелност го зафатија научно-стручното поле на расправата, што резултираше со овој зборник. За понатамошна соработка и доближување до читателите, на почетокот на зборникот се претставени авторите со фотографија и кратка биографија, а покрај насловите на трудовите наведени се и нивните електронски адреси.

Од содржинска гледна точка, зборникот дава свој придонес во зголемување и збогатување на постоечката литература од областа на туризмот, економијата и логистиката. Тој е важен за заедницата на образовниот, јавниот и невладиниот сектор, како и стопанските организации кои се занимаваат со оваа проблематика. Тематски е поделен на два дела: Теми од економија и бизнис логистика, каде има девет труда и Теми од туризам и угостителство, каде се претставени

десет труда. Зборникот содржи над 200 страници текст од триесет и тројца автори, во кои за подобра презентација се користат графикони, табели и фотографии.

Како уредници на зборникот, ја користиме оваа прилика да искажеме благодарност до сите учесници на конференцијата, како и до колегите кои дадоа свој придонес во организацискиот и програмскиот дел на конференцијата.

Низ презентираните текстови и материјали, во зборникот се открива големото значење и современите тенденции на туризмот, економијата и логистиката во нашата земја. Исто така, реакциите од страна на учесниците беа позитивни во однос на успешната организација на конференцијата. Поради овие причини, се надеваме дека во иднина оваа конференција ќе добие меѓународен карактер и ќе доживее голема традиција.

**Никола В. Димитров**

**Дејан Методијески**

# ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО

УДК 338.48:390.43 (497.7)

# НАТУРИЗМОТ КАКО ДЕЛ ОД МЕЃУНАРОДНИОТ ТУРИЗАМ

**Златко Јаковлев, Благица Арнаудова, Цане Котески**

zlatko.jakovlev@ugd.edu.mk
arnaudovablagica@yahoo.com
cane.koteski@ugd.edu.mk

**Клучни зборови:** туризам, натуризам, натуристи, натуристичко движење.

**Апстракт**
Овој труд е посветен на натуризмот како дел од меѓународниот туризам. Во кратки црти ќе го објасниме поимот и значењето на термините натуризам, натуристи и натуристичко движење.

Основањето на натуризмот, развитокот и реформите во натуризмот и натуристичкото движење ќе бидат опфатени во делот историја на натуризмот. Натуризмот како движење во општеството со тек на времето се менувало, за што ќе се зборува во делот преродба на натуризмот и натуризмот денес. Балканските натуристички дестинации се посебно интересни, за што се пишува во делот посветен токму на нив. На крајот од овој труд ќе се објасни натуризмот и неговиот развој во Р. Македонија.

## Вовед

Натуризмот како дел од меѓународниот туризам претставува стил на живот и филиозофија заснована на хармонија со природата.

Туристите, преферисти на овој вид туризам, преку зачленување во друштва на ниво на домашна држава и на меѓународен план, преку поврзување на друштвата од различни држави, го глобализираат овој вид туризам давајки му интренационален карактер.

Единството на овој вид туризам на светско ниво му ги даваат целите на неговите приврзници, а тоа е промовирање и развој на здрав живот во почит и согласност со природата, негување на единството, стабилноста и хармонијата на телото, умот, духот и градење на поквалитетна социјална благосостојба.

## Натуризам, поими и значење

Натуризмот е движење чии подржувачи се залагаат за враќање во природата и за начин на живеење без облека, особено во култура каде тоа не е вообичаено.

Типични натуристички активности се сончање, пливање и спорт, иако многу натуристи редовните домашни обврски ги обавуваат голи. Во земјите каде што е противзаконско изложувањето на голо тело во јавност овие активности се вршат на тајни скриени места, меѓутоа пошироко во светот ова движење е прифатено.

Натуризмот е начин на живеење не само на поединец туку и на целата фамилија, почнувајќи од најмладите членови, па сѐ до најстарите членови во фамилијата. Исто така, постојат луѓе кои го практикуваат натуризмот повремено, особено на плажа без притоа да се задлабочуваат во филозофијата на натуризмот. Луѓето кои практикуваат натуризам се наречени натуристи. Овие луѓе веруваат дека од човечкото тело не треба да се срамиме и дека човечкото тело е нешто што треба да се цени.

## Историја на натуризмот

Првото основање на голата рекреација и социјален натуризам започнало во древниот Египет. Во тоа време студентите во античка Грција своето образование го добивале во услови на потполна голотија. Исто така, многу атлетичари учествувале голи во раните Олимписки игри во Грција.

Грците и Римјаните носеле облека кога било потребно или во одредени социјални случаи, но за капење и спорт, отворено уживале во голотијата.

Во периодот на ренесансата, голотијата се гледала само преку формата на уметноста. Во време во кое медицината не можела ниту да ги објасни ниту да ги излечи болестите, многу луѓе верувале дека пренаселените и нехигиенски градови, рестриктивната Викторијанска облека и опресивните работни услови водат кон влошено здравје и распространети болести. Некои аналитичари заклучиле дека она што им треба на луѓето е изложеност кон природните елементи на лекување или свеж воздух, сончева светлина и вода – по можност со опуштена облека  или без облека.

Во 1896 год., кога модерните Олимписки игри биле повторно оживеани, поттикнале културен интерес во сите грчки работи и повторно се привлекло вниманието на класична голотија. Како резултат на тоа, Европа развила толеранција на сензуалност и прифаќање на телото – но не и Америка.

Првиот организиран клуб на натуристи „Freilichtpark‟ (free light park), бил отворен во близина на Хамбург во Германија во 1903 година од страна на Пол Цимерман.

Натуристичкото движење доживеало нагласеност во Германија во 1920 година, но било задушено во текот на Nazi Gleichschaltung, откога дошол Адолф Хитлер на власт. Подоцна нацистите попуштиле малку и дозволиле тие клубови, не вклучувајќи ги Евреите и комунистите, да ги одржуваат своите активности во тајност.

Во Америка германскиот емигрант Курт Бартел го организирал првиот натуристички настан во 1929 година, надвор од Њујорк Сити и ја основал Американската лига за психолошка култура (ALPC).

Социјалниот натуризам во форма на приватни клубови и кампови почнал да се појавува во 1930-тите години.

**Преродба на натуризмот**

За време на доцните 60-ти и раните 70-ти години јавните социјални трендови конечно се поклопиле со социјалниот натуризам. Сексуалната револуција развила генерација која била пононшалантна кон голотијата и моралот и ова влијаело на масовната популарна култура во списанијата како Плејбој и во филмовите. Оваа нова генерација сметала дека голотијата е природна и според тоа погодна за секаде.

Резултатот бил Слободно движење на плажа, кое започнало во Калифорнија и брзо се проширува. Летувањето во Франција во одмаралиштето Cap d'Agde станало многу популарно место за Германците кога се отворило во 1960 година.

Често натуристите едноставно заземале агол од постоечка „текстилна‟ плажа (плажа на која луѓето се облечени) и ја прогласувале за нивна. Ако останатите се противеле многу, групата едностано се прибирала и продолжувала понатаму сè додека не најдат плажа каде никој (или неколку) не се противеле и по неколку

години употреба, таа плажа станувала позната за сите како „натуристичка плажа‟.

## Натуризмот денес

За разлика од минатото, натуристите во денешно време не се повеќе загрижени за нивното прифаќање од страна на мнозинството како настрани луѓе или морално изопачени.

Сѐ повеќе и повеќе луѓе се инспирираат од натуристичкото движење и стануваат негови членови. Натуристите уживаат во патување на село, возење на кану, на сплав и бродски куќарки и сето тоа го остваруваат преку контактирање со туристичките агенции кои се специјализирани за таква форма на рекреација. Натуристичките паркови сега се атракција дефинитивно за високата класа која плаќа екстра за да избега од блиската урбана средина.

Многу национални и регионални организации се трудат да го промовираат натуризмот, се борат со судовите и, што е најважно, ги едуцираат натуристите за идеите и придобивките од натуристичката рекреација.

Главни натуристички организации се:

Интернационална натуристичка федерација (ИНФ), Naturiste Federatie Nederland (NFN) – Холандија, Federacion Espanola de Naturismo (FEN) – Шпанија и Американска асоцијација за нудистичка рекреација.

Јавни познати нудистички области:

Donauinsel – Вештачки остров на реката Дунав близу до центарот во градот Виена, Белгија – Bredene, Бразил – Тамбаба, Канада – областите во Онтарио, Hanlans Point Торонто, Wresk Beach во Ванкувер, Франција - Cap d’Agde.

Други земји кои го нудат истиот вид на рекреација се Германија, Холандија, Шпанија, Англија и Америка.

## Натуристички дестинации во Балканските земји

Натуризмот и натуристичкото движење како дел од меѓународниот туризам се развил и во Балканските земји. Некои натуристичките дестинации на Балканот прераснале и во светски најпознати натуристички дестинации.

Хрватска е трета нација во Европа по капацитетите на натуристичките кампови, а најпознатиот од нив кампот „Коверсада" е прв натуристички комерцијален камп во Европа. Освен камповите во Хрватска постојат и плажи за натуристи. Една од најпознатите плажи во Хрватска е „Валалта" која е долга речиси 2 километри.

Натуризмот во Србија како земја која нема плажи кои излегуваат на море како кај нејзиниот сосед Хрватска, успеал да се развие до одредено ниво

Црна Гора е балканска земја со прилично развиен натуризам на светско ниво. Една од најпознатите нудистички дестинации во светот е „Ада Бојана".

Грција како земја чии плажи ги заплискуваат водите на Егејското Море е една од најпосетуваните светски туристички дестинации. Плажата „Red Beach" - Крит е една од најпознатите нудистички плажи во Грција. Други омилени дестинации на нудистите во Грција е „Banana Beach" – Скијатос и Плакијас бич на Крит.

Во последните неколку години Бугарија стана популарна во Европа по ниските цени. Таму каде што има ниски цени и извонредни плажи, таму се и нудистите.

**Натуризмот во Р. Македонија**

Во Р. Македонија за прв пат јавно се отвори нудистичка плажа во Охрид во 2008 год. под сопственост на најголемиот секси шоп во југоисточна Европа (ВАЛИЈАНТ). До оваа идеја дошол Горан Милиќ, сопственикот на секси шоповите „Валијант", кој имал намера од дивата и запуштена плажа летото да направи супер модерно летно катче само за нудисти. Дивата плажа, која пештанци ја викаат „оревче" изминативе години ја користеле странски туристи. Плажата се наоѓа веднаш после третата плажа на Градиште која последниве години се користи за техно журки. До „оревче" се стигнува само со кајче, па затоа и странски туристи досега тајно си ја користеле за нудизам.

Според некои пишани извори и легенди, во нашата држава уште пред 1932 год., е основано првото нудистичко друштво во Скопје. Основано било само од жени и во него членувале жените од познати и угледни семејства. Тие се возеле на пајтони кои оделе до Катлановска Бања каде уживале на дивите плажи на реката Пчиња, далеку од другите луѓе. Освен на оваа река, овие жени се капеле и

сончале на пустите плажи на реките Вардар и Треска на кои одбирале простор каде што не можеле да бидат видени.

Во Р. Македонија е формирано Натуристичкото здружение на Македонија. Друштвото има регистрирано своја web страна http://naturism.org.mk/index.html и електронска пошта makedonija@naturism.org.mk. Во Статутот на друштвото се опишани основните задачи и активности.

**Препораки за развој на натуризмот во Р. Македонија**

Во врска со развојот на натуризмот во нашата земја мислам дека постојат одредени можности со оглед на природните богатства со кои располага Р. Македонија. Ова би се остварило доколку се превземат и реализираат следниве чекори и мерки:

Преземање на активности за развој на свеста кај населението за придобивките од развојот на овој вид туризам. Отворање на натуристички кампови, објекти во согласност со можностите кои ни ги нуди нашата природа и организирање активности со цел да се уредат и оддржуваат таквите простори.

Натуристичкото здружение на Р. Македонија преку своите активности и задачи е одлична можност за афирмирање, развој и организирање на натуризмот во нашата држава.

**Заклучок**

Од меѓународен аспект, натуризмот е вид на туризам во кој учесниците кои се впуштаат во овј вид туризам се залагаат за „слободен однос на човекот со природата". Туристите учесници во овој вид туризам практикуваат да не го покриваат своето тело, т.е. да се необлечени, или со минимум облека на нив и тоа само за во посебни прилики. Натуризмот како вид на туризам не вклучува еротика или вулгарна сексуалност, иако многу често мислењето на одредени луѓе за овој вид туризам е поврзан со вулгарноста. Филозофијата на натуризмот е инспирацијата на учесниците за враќање кон природата и соединување со неа. Натуризмот е „Начин на живот", односно „Животен стил".

Многу рецептивни туристички земји не дозволуваат да се практикува натуризмот како вид на туризам, додека во други земји е дозволен овој вид туризам, но само доколку е концентриран во

строго контролирани простори, со посебни и ограничени услови за времетраењето на престојот.

Во денешно време натуризмот забрзано се развива и него го практикуваат сè повеќе туристи.

Балканските земји воопшто не заостануваат во развојот на натуризмот споредено со светските трендови. Балканските натуристички кампови и плажи се едни од најпознатите и најпосетуваните светски натуристички дестинации.

Сфаќањата за натуризмот во Р. Македонија се на исто ниво со мерките и активностите кои се превземаат за негов развој. Во иднина, со зголемување на идеите и мерките за промовирање и популаризирање на натуризмот и натуристичките вредности би го придвижиле неговиот развиток до повисок степен.

**Користена литература:**

1. Меѓународен туризам; Доц. д-р Дејан Методијески; Скопје 2014 год.;

2. Слободно време и алтернативен туризам; Доц. д-р Златко Јаковлев и мр. Тања Ангелкова; Гевгелија, Штип, Скопје, 2011 год.;

3. Слободна енциклопедија; http://hr.wikipedia.org/wiki/Naturizam

4. Интернет:

http://www.nos.org.rs/index.php/aktivnosti/30-bazen-naturista-2015
http://www.adrian.hr/clanak/adriatica-najbolja-nudisticka-destinacija-nasvijetu-povratak-u-raj/hr-2-74-1.html

http://www.crnobelo.com/zivot/patuvanje/18382-najdobrite-nudistickiplazi-na-balkanot

http://www.ulcinjska-rivijera.com/mne/index.php/ada-bojana

http://tocka.com.mk/3/129752/top-10-nudisticki-plazi-na-svetot